СВЕТСКИ
БЕСТСЕЛЕР

РАЗМИСЛУВАЈ ЗА ГОЛЕМИ НЕШТА
Бен Карсон и Сесил Марфи

*Наслов на оригиналот:*
THINK BIG
Ben Carson with Cecil Murphey

*Превод:*
Билјана Ампевска-Христовска

*Јазична редакција и техничко уредување:*
Мелита Томовска

*Дизајн:*
Лазар Томовски

*Издава:*
АИК „Знаци на времето“

*За издавачот:*
Михајло Гурев

*Печати:*
Аркус дизајн

# Размислувај за ГОЛЕМИ нешта



Бен Карсон

Ослободување на твојот потенцијал за извонредност

Ослободи ги скриените сили кои ги имаш за она што може да биде само посебно и исклучително.

Посветено на сите оние кои работат зад сцената и ми помагаат да ја извршувам службата како неврохирург, а притоа ми овозможуваат и понатаму да бидам општествено активен.

„Протреси го дрвото на животот и нека падне овошјето за кое никој никогаш не слушнал.“

*Е. А. Робинсон*

# Содржина

Вовед ........................................................ 7

## I дел

**Дај сè од себе и размислувај за големи нешта** ........ 9

Направи подобро! ........................................ 11

Мојата мајка, Соња Карсон ............................ 31

Луѓето кои ме воспитувале, инспирирале и влијаеле на мене ........................................ 58

Менторите по медицина ................................ 71

Други значајни луѓе ..................................... 89

Градители за вечност ................................... 99

Родители и пациенти .................................. 113

Преземање ризици ....................................... 127

Недоволно ................................................... 138

## II дел

**Можеш да го дадеш најдоброто од себеси и да размислуваш за големи нешта** ........ 147

Размислување за големи нешта ..................... 149

Чесноста не може да се скрие ....................... 169

Остроумни мисли ......................................... 176

Финишот на добрите момци .......................... 195

Знаењето е важно ........................................ 206

Книгите се за читање .................................. 220

Темелно учење ............................................ 233

Внимание: Бог дејствува! .............................. 246

Посегање кон успех ...................................... 261

# Вовед

*„Преродбата што ја нудат богатството и убавината се кратки и ништожни, а умствената големина е извонредна и трајна сопственост.“*

*Гај Крисп Салустије (86-34 г. пр. н.е.)*

Оваа книга е за давањето на најдоброто од нас и за тоа што можеме да правиме помагајќи им на другите. Да се размислува за големи нешта е едно од поважните сфаќања во животот. Оваа книга би можела да се нарече и книга за извонредноста или посветувањето. *Таа, исто така, е и книга за луѓето кои дале сè од себе и кои мислат за големи нешта.* Ја одбрав оваа тема затоа што современото општество се стреми да се насочи кон најдобрата забава, кон спортските личности, политичарите или личностите за кои многу се пишува бидејќи објавуваат некоја значајна работа и притоа добиваат признанија за своите достигнувања. Ги поддржувам сите достигнувања, како и признанија, меѓутоа, што се случува со оние кои секогаш даваат сè од себе, а не добиваат признание, парична награда, чест или слава?

Мојот живот беше богат и на многу начини благословен од Бога. Мојата прва книга „Надарени раце“ ми донесе многу признанија и привлече големо внимание на јавноста. Многу луѓе ја изразија својата почит кон она што се обидувам да го работам.

Средношколците ми пишуваа дека книгата им била предизвик и дека им го променила животот. Професорите им даваа примероци од книгата на своите студенти. Бројни цркви купија многу примероци од книгата „Надарени раце“ и им ги подарија на своите студенти. Познавам најмалку двајца бизнисмени кои купија и поделија повеќе од 1.000 примероци, и јас за тоа сум им многу благодарен.

Навистина ми е мило бидејќи знам дека мојата животна сторија охрабри многумина и благодарен сум за секој искажан збор на поддршка, но сакам да истакнам една голема вистина во мојот живот: Сам никогаш ништо не сум постигнал. Секогаш имав помош.

Стручните поединци, моите добри пријатели, не се штедеа себеси давајќи ми помош. Честопати примав признанија, но сега сакам да запрам доволно долго, барем за миг да се насочам кон нив, кон моите пријатели, бидејќи тие тоа го заслужуваат.

Без повторување на повеќето искуства кои се прикажани во книгата „Надарени раце“, сакам да признаам дека постоеја значајни поединци кои ми помогнаа на мене, Бен Карсон, од академско ниво да станам триесетгодишен началник на Одделението за детска неврохирургија во болницата „Џон Хопкинс“. Јас сум еден од најмладите кои биле на таа позиција и единствениот црнец кој е на таа позиција во оваа светски позната институција. Бог ме надари со способности, но никогаш не би бил свесен за тие дарови ниту би ги употребил доколку и другите не ги делеа своите дарови, така што даваа сѐ од себе за мене.

Се надевам дека ќе направите уште еден чекор со мене. Би сакал повторно да ве прошетам низ мојот живот и да ви раскажувам за овие *посебни, ретки и талентирани* луѓе, кои направија моите достигнувања да станат реални, и кои тоа го правеа *толку често* што можеби не беа ни свесни дека даваа сѐ од себе.

# ПРВ ДЕЛ

# *Дај сѐ од себе и размислувај за големи нешта*

*„Постојат лојални срца, постојат храбри карактери,*
*Постојат чисти и вистинити души,*
*Тогаш дај му го на светот најдоброто што го имаш*
*И најдоброто ќе ти се врати.“*

*Медлин Брицис*

# *Направи го најдоброто!*

*„Најдоброто што го постигнуваме преку книгите е што уживаме при поврзувањето со оние кои повеќе знаат и можат. Во најдобрите книги, големите луѓе ни проговоруваат, ни ги препуштаат своите највредни мисли и ја излеваат својата душа во нашите души. Тие се како гласови од далечината и од мртвите, правејќи нè наследници на духовниот живот од минатите векови. Книгите нè прават рамноправни. Сите кои внимателно ги користат, ќе му подарат општествено и духовно присуство, она што е најдобро и најголемо од постоењето и дејствувањето на човечкиот род.“*

*Вилијам Елери Шанинг*

„Бенџамин, дали е ова твојата училишна книшка?“, ме праша мајка ми додека ја земаше белата превиткана книшка со оценки од масата.

„А, да“, реков, обидувајќи се да звучам опуштено. Се срамев да ѝ ја дадам книшката, па затоа ја ставив на ма-

сата, надевајќи се дека ќе ја погледне дури кога ќе одам да си легнам в кревет.

Тоа беше првата книшка со оценки што ја добив од основното училиште „Хигинс“ откако се преселивме од Бостон во Детроит пред неколку месеци.

Не поминаа ни две недели, а веќе ме прогласија за незнајко и започнаа да се шегуваат на моја сметка. Впрочем, и јас веќе долго време мислев дека сум најглупавото дете во петто одделение. Но, и покрај тоа што мајка ми непрекинато ми повторуваше: „Ти си паметен, Бен. Можеш да направиш сè што ќе посакаш“, не ѝ поверував.

Никој во училиштето не мислеше дека сум паметен.

Сега, по тишината во која мајка ми ја проучуваше мојата училишна книшка со оценки, одекна прашањето: „Што значи оваа оценка за читање?“ (тонот на нејзиниот глас ми укажуваше дека сум во голема неволја). Иако бев засрамен, сепак не можев многу да мислам за тоа. Мајка ми знаеше дека не ми одеше математиката, но не знаеше дека бев премногу слаб по секој предмет.

Додека полека ја читаше мојата книшка со оценки, збор по збор, побрзав во својата соба и почнав да си го местам креветот. Неколку минути подоцна, мајка ми влезе во мојата соба.

„Бенџамин“, рече таа, „дали се ова твоите оценки?“ Ја држеше книшката пред мене, како пред тоа да не сум ја видел воопшто.

„А, да, но како што знаеш, тоа не е ништо.“

„Тоа не е вистина, Бени, тоа многу значи.“

„Па, тоа е само ученичка книшка.“

„Тоа е многу повеќе од ученичка книшка.“

Знаејќи дека сега е моментот, се подготвив за слушање иако не бев заинтересиран. Не го сакав многу училиштето и затоа не постоеше причина да се интересирам. Би-

дејќи бев најглупавото дете во одделението, што би можел да очекувам од иднината? Другите ми се потсмеваа и секој ден правеа шеги на моја сметка.

„Образованието е единствениот начин да ја избегнеш сиромаштијата", рече мајка ми. „Тоа е единствениот начин да напредуваш и да станеш успешен во животот. Дали го сфаќаш тоа?"

„Да, мамо", промрморев.

„Ако продолжиш да добиваш вакви оценки, остатокот од животот ќе го поминеш со бездомници или ќе чистиш подови по фабриките. Тоа не е она што го посакувам за тебе во животот. Тоа не е животот кој Бог го сака за тебе."

Ја наведнав главата длабоко засрамен. Мојата мајка сама нè одгледа мене и мојот постар брат Кертис. Имаше завршено само три одделенија во училиште и ја знаеше вредноста на она што го немаше. Секојдневно ни нагласуваше на Кертис и на мене дека во училиштето треба да дадеме сè од себе.

„Ти не живееш онака како што би можел", ми рече. „Имам две паметни момчиња и знам дека тие можат многу подобро."

Дадов сè од себе, макар и на почетокот на наставата во основното училиште „Хигинс", но како можев да сторам нешто повеќе кога не сфаќав што се случува на часот.

Во Бостон одевме во парохиско училиште, во кое не можев многу да научам бидејќи учителот повеќе си разговараше со учителката отколку што нè поучуваше. Веројатно не беше само учителот виновен, можеби јас не бев емотивно способен да учам многу. Моите родители се разведоа кога имав осум години, пред да заминеме за Бостон. Ги сакав и мајка ми и татко ми, и минав низ тешка траума поради нивниот развод. Со месеци очекував родителите да се смират, татко ми да се врати дома и да

бидеме повторно старото семејство, но тој никогаш не се врати. Потоа се преселивме во Бостон и две години живеевме со тетка Џин и вујко Вилијам Авериј во изнајмена зграда, сè додека мајка ми не заштеди доволно пари за да нè врати во Детроит.

Мајка ми продолжи да мавта со книшката пред моето лице и тогаш седна на работ од мојот кревет.

„Мораш повеќе да се трудиш. Мораш да го искористиш разумот што ти го дал Бог, Бени. Дали ме разбираш?“

„Да, мајко“, секојпат ќе направев пауза, покорно повторувајќи ги тие зборови.

„Работам со богати, образовани луѓе“, рече таа. „Ги набљудувам како работат и гледам дека можат да прават сè што сакаат, и ти исто така можеш.“ Ја стави раката на моето рамо велејќи ми: „Бени, можеш да направиш сè што можат тие, само што ти можеш да го направиш тоа многу подобро“.

Мајка ми и порано ги изговараше тие зборови. Често во тоа време тие не ми значеа многу. А и зошто би ми значеле? Навистина верував дека сум најглупавото дете во петто одделение, но тоа, секако, не ѝ го кажував.

„Навистина не знам што да правам со вас, момчиња“, рече таа. „Ќе разговарам со Бога во молитва за тебе и Кертис.“ Застана, се загледа во празно и потоа рече, повеќе за себеси отколку на мене: „Потребно ми е Божјо водство за она што сакам да го направам. Веќе не можеш да ми носиш ваква книшка со оценки“.

Што се однесува до мене, случајот со книшката со оценки беше завршен.

Следниот ден беше како и претходниот - уште еден слаб ден во училиштето, уште еден ден полн со исмејување бидејќи ниту една математичка задача не ја решив добро, а секој збор во диктатот ми беше погрешен. Штом стиг-

нав дома, се пресоблеков и истрчав надвор. Повеќето деца на моја возраст веќе играа.

Игравме така што го стававме капачето за шише во една пукнатина од тротоарот. Тогаш земавме каква било топка која добро скокаше, и се постројувавме во ред и ја фрлавме топката на капачето, обидувајќи се да го превртиме. Ако некој успееше да го помести некако капачето за повеќе од десет сантиметри, освојуваше пет поени. А оној кој ќе успееше да го подигне капачето во воздух и да го отфрли на другата страна, добиваше десет поени.

Кога ќе се стемнеше или кога ќе се изморевме, Кертис и јас влегувавме дома за да гледаме телевизија. Телевизорот останувaше вклучен сѐ додека не појдевме на спиење. Бидејќи мајка ми работеше до доцна, таа стигнуваше непосредно по нашето заминување на спиење. Понекогаш се будев кога ќе ја слушнев како ја отклучува вратата.

Две ноќи по настанот со книшката со оценки, мајка ми стигна дома еден час пред да појдеме на спиење. Кертис и јас бевме испружени на креветот и гледавме телевизија. Дојде во нашата соба, налутено го исклучи телевизорот и погледна право во нас. „Момчиња“, ни рече, „премногу време губите гледајќи телевизија. Нема да добиете образование со постојано зјапање во телевизорот.“

Пред воопшто еден од нас да може да се побуни, ни рече дека се молела за мудрост. „Господ ми кажа што треба да сторам“, рече. „Отсега веќе нема да гледате телевизија, освен две одбрани емисии во текот на седмицата!“

„Само две емисии?“ Едвај можев да поверувам дека може нешто такво ужасно да изговори. „Па тоа не е...“

„И тоа откако ќе ги сработите своите домашни задачи. Уште повеќе, нема ни да си играте со своите другари сѐ додека не ги завршите домашните задачи!“

„Сите си играат надвор веднаш по училиште!“ Реков така бидејќи не можев на ништо друго да мислам, ос-

вен колку е страшно ако не можам да си играм со своите пријатели. „Нема да имам пријатели ако постојано седам дома!"

„Можеби," рече „но никој друг нема да биде успешен како што ќе бидеш ти!"

„Но, мамо!"

„Така ќе биде. Барав од Бога мудрост, и ова е одговорот што го добив!"

Се обидов да понудам уште неколку аргументи, но мајка ми беше непоколеблива во својата одлука. Погледнав во Кертис, очекувајќи дека и тој ќе проговори, но ништо не рече. Лежеше на подот и си ги разгледуваше своите стапала.

„Не грижи се за другите. Светот е полн со други, тоа го знаеш, нели? Меѓутоа само неколкумина успеваат да постигнат значајни достигнувања."

Губењето на телевизијата и времето за играње беше навистина многу тежок удар. Станав од подот, чувствувајќи како сè да е против мене. Мајка ми не сакаше да ми дозволи да си играм со пријателите, и веќе нема речиси никаква телевизија, во секој случај. Ме спречуваше на каква било забава во животот.

„И тоа не е сè," рече „врати се, Бени!"

Се свртев, прашувајќи се што друго би можела да ми каже.

„Покрај домашните задачи што ги имаш, мораш да прочиташ и две книги од библиотека секоја седмица. Секоја седмица!"

„Две книги? Две?" Иако бев петто одделение, никогаш во животот не бев прочитал ниедна книга од самиот почеток до крај.

„Да. Две. Кога ќе завршиш со читањето, мораш да ми напишеш извештај за тоа што си прочитал во книгата, и

тоа онака како што тоа го правите во училиште. Не си ги искористил сѐ уште своите можности, така што сега ќе се погрижам да го постигнеш тоа!“

Обично Кертис, кој беше две години постар од мене, беше поголем бунтовник. Овој пат изгледаше како да ја сфаќа мајчината мудрост. Не рече ниту еден збор.

Таа погледна во него: „Разбираш?“

Тој кимна со главата.

„Бени, дали тебе ти е јасно?“

„Да, мамо!“ Се согласив да го правам она што мајка ми ми го наложи; не ми ни паѓаше на памет да не ја послушам, но тоа не ми се допаѓаше. Мајка ми не беше фер бидејќи бараше од нас многу повеќе од она што другите родители го бараат од своите деца.

***

Утредента беше четврток. По часовите, Кертис и јас отидовме во локалната библиотека. Не ми се допадна, но сепак никогаш не сум поминал толку време во една библиотека.

И двајцата баравме во детското одделение, бидејќи немавме никаква идеја како да одбереме книга, ниту пак која книга би ја читале.

Ни пристапи библиотекарката и ни понуди помош. Ѝ рековме дека и двајцата сакаме да земеме по две книги.

„Какви книги би сакале да читате?“, нѐ праша таа.

„За животни“, реков малку размислувајќи, „нешто за животни.“

„Сигурна сум дека имаме неколку кои би ти се допаднале.“ Ме одведе до полицата со книги. Ме остави мене и го одведе Кертис до друга полица со книги. Брзо поминав низ полиците и пронајдов две книги кои изгледаа лесни за читање. Едната од нив беше „Чип - градител на брани“,

тоа беше прва книга за дабарот што ја прегледав. Штом стигнав дома, почнав да читам. Тоа беше првата книга која дотогаш сум ја прочитал одеднаш, а за тоа ми требаше време од само две ноќи. Неволно ѝ признав на мајка ми дека навистина уживав читајќи за Чип.

За еден месец толку добро го запознав детското одделение во библиотеката, како да сум го поминал во него целиот свој живот. Дотогаш вработените во библиотеката нè запознаа мене и Кертис, како и кој видови книги ги земаме за читање. Честопати дури и самите ни предлагаа. „Еве прекрасни книги за верверички“, се сеќавам дека еднаш ми рече библиотекарката. Кога ми раскажа дел од приказната, се трудев да изгледам незаинтересирано, но штом ми ја даде книгата, ја отворив и почнав да ја читам.

Најдоброто од сè беше тоа што станавме омилени членови во библиотеката. Кога ќе добиеја нови книги, за кои тие сметаа дека ќе ни се допаднат, ги задржуваа за нас. Наскоро станав одушевен од фактот дека во библиотеката има толку книги и тоа со толку многу теми.

По книгата за дабарот, одбрав и книги за други животни, и тоа за сите видови животни. Ја прочитав речиси секоја приказна за животните што ќе ми дојдеше до рака. Читав за волците, дивите кучиња, неколку за верверици и за многу животни кои потекнуваа од други земји. Штом ги прочитав сите книги за животни, почнав да читам за билки, потоа за минерали и конечно за карпи.

Моето читање книги за карпи прв пат ми донесе практични информации. Живеевме близу до пруга, и кога јас и Кертис одевме на училиште, по патот, преминувајќи преку шините, почнав да обрнувам внимание на каменчињата што се наоѓаа меѓу шините.

Колку повеќе читав книги за карпите, додека шетав барав парчиња и се обидував да ги препознаам.

Честопати ја носев и книгата со себе за да бидам сигурен дека сум го препознал каменот. Кертис се умори од моето собирање камења и нивното препознавање, но за тоа не морав да се грижам бидејќи постојано пронаоѓав нови камења. Наскоро шетањето по пругата и препознавањето камења ми стана омилена игра. Иако дотогаш не го знаев тоа, за кусо време станав стручњак за препознавање различни видови камења.

*„Светот на книгите е најзначајна човечка творба.*
*Ништо друго што изградил не е потрајно.*
*Споменициве паѓаат, нациите исчезнуваат,*
*цивилизациите стареат и изумираат.*
*По периодот на темнина, новата генерација*
*гради сè ново, додека величините во светот на книгите*
*остануваа, бидејќи секогаш ќе има млади и нови*
*како во оној ден кога биле напишани,*
*говорејќи им во срцата на луѓето*
*за срцата на луѓето кои веќе умреле низ вековите.“*

*- Кларенс Деј*

Две работи се случија во второто полугодие од петтото одделение, кои ме уверија во тоа колку е важно да се читаат книги.

Прво, нашиот учител, господин Вилијамсон, секој петок попладне ни задаваше диктат. Така ги поминувавме сите зборови што сме ги научиле во текот на годината. Понекогаш ни диктираше зборови кои требаше да ги знаеме уште од четврто одделение. Без грешка веднаш го запишував секој збор.

Еден петок, Боби Фармер, кого го сметаа за најпаметно дете во нашето одделение, мораше да го напише зборот

„земјоделство“ како последен збор. Штом професорот го изговори зборот, си помислив: „Можам да го напишам тој збор“. Само ден пред тоа, тој збор го научив од една книга што ја зедов од библиотеката. Го изговорив зборот буква по буква во себе. И беше сосем ист како што го напиша Боби.

*Ако можам точно да го напишам зборот „земјоделство“, тогаш се обложувам дека би можел да го напишам правилно секој друг збор на светот. Се обложувам дека би можел да го напишам и подобро од Боби Фармер.*

Само тој еден збор, „земјоделство“, беше доволен да ми влее надеж.

Следната седмица се случи нешто што засекогаш го промени мојот живот. Кога господинот Џек, нашиот професор по природни науки, говореше за вулканите, подигна еден предмет кој изгледаше како парче црна стаклеста карпа. „Знае ли некој што е ова? Како е поврзано ова со вулканите?“

Благодарение на читањето, веднаш го препознав каменот. Чекав. Никој од моите другари во одделението не крена рака. Си помислив: „*Ова е баш чудно! Дури ни паметните деца не креваат рака*“. Кренав рака.

„Да, Бенџамин“, ми рече професорот.

Слушнав кикотење околу себе. Другите деца веројатно си помислија дека се шегувам или дека нешто глупаво ќе кажам.

„Опсидијан!“

„Така е!“ Се обиде да не изгледа изненаден, но беше очигледно дека не очекуваше дека точно ќе одговорам.

„Тоа е опсидијан,“ реков „кој се создава со брзо ладење на лавата кога ќе допре вода!“ Успеав да го свртам нивното внимание и сфатив дека знам податок кој никој не го знаеше, ниту еден друг ученик. Почнав сам да им раскажу-

вам сè што знам за опсидијанот, за лавата, за движењето на лавата, брзото ладење и соединување на елементите.

Кога конечно застанав, еден глас зад мене дошепна: „Дали тоа е навистина Бени Карсон?“

„Апсолутно си во право“, рече професорот и се насмеа. Да објавеше дека сум добил милион долари на лото не би бил толку задоволен и возбуден.

„Бенџамин, тоа е сосема точно!“ Повтори, искажувајќи воодушевување во гласот. Се сврте кон другите и рече: „Ова е прекрасно. Деца, ова е извонреден податок што Бенџамин баш сега ни го даде. Навистина се гордеам со неговото знаење!“

За миг го почувствував вкусот на успехот. Се сеќавам дека размислував: „Види ги! Сите ме гледаат со восхит. Мене, незнајкото. Оној за кого мислеа дека е глупав. Ме гледаат за да се уверат дали јас навистина го изговорив тоа.“

Можеби најзапрепастен од сите во целото одделение бев токму јас. Иако по заповед на мајка ми читав по две книги неделно, не бев ни свесен за знаењето кое го собрав. Навистина научив да уживам во читањето, но дотогаш не сфатив како е поврзано со моите училишни задачи. Тој ден, за прв пат, сфатив дека мајка ми имаше право. *Читањето е клуч кој го затвора незнаењето и претставува пат до успехот.* Веќе не морам да бидам незнајко во одделението.

Наредните неколку денови во училиште се чувствував како херој. Шегите за мене стивнаа. Другарите почнаа повторно да ме слушаат. *Почнав да се забавувам со сите овие збиднувања.*

Бидејќи оценките од секој предмет ми се поправија, се прашав себеси: „Бен, постои ли некоја причина поради која не можеш да бидеш најдобриот ученик во одделе-

нието? Ако можеш да научиш сè за опсидијанот, можеш да научиш и лекции од социологија, математика, географија, природни науки и сè друго".

Тој еден момент на триумф ме поттикна да сакам да читам уште повеќе. Од тогаш, па сè до сега, беше како да не можам доволно да се изначитам. Кога кој-годе ќе ме побараше по часовите, обично можеше да ме најде свиткан во спалната соба како читам книга од библиотека, и тоа долго време беше единственото нешто што сакав да го правам. Престанав да се интересирам за телевизиските програми што ги пропуштав; престанав да играм со капачиња или бејзбол. Единствено што сакав да правам беше - да читам.

По една и пол година, на првото полугодие од шесто одделение, се најдов на чело на одделението. За жал, не бев задоволен само да читам и да учам. Имав потреба на сите да им покажам колку сум успешен. Во тоа време навистина си мислев дека знам повеќе од кој било во одделението. Мислев дека сум неверојатно паметен, а всушност бев неподнослив.

Овој важен факт не допираше до мене сè до деветтото одделение. Еден ден го прашав соученикот од одделението, кој никогаш не беше добар со мене, без разлика на пријателскиот тон со кој му се обраќав: „Зошто си толку непријатен? Зошто не ме сакаш?" „Затоа што си толку неподнослив", ми одговори. „Затоа што толку многу знаеш и сакаш сите да знаат дека толку знаеш!"

Не знам дали му одговорив нешто или само си отидов од него, но никогаш не ги заборавив тие зборови. Во петто одделение сите ми се смееја кога не знаев нешто, а сега не ме сакаат бидејќи се однесував како да знам сè.

До тој миг, бидејќи знаењето беше ново и возбудливо за мене, мислев дека сите сакаат да знаат што сум на-

учил. Не сфаќав колку сум станал неприфатен. Острите зборови на мојот другар од одделението ми открија колку сум грешел.

Забелешката не ме излечи, но ме натера да признам колку треба да го променам својот став. Тоа и го направив, но постепено. За жал, ми беше потребно уште некое искуство тој факт да допре до мене.

Кога станав познат под името Бен Карсон, најуспешниот ученик во одделението, ги давав одговорите во секоја можна пригода. И повеќе од самиот одговор, кога и да се отвореше некоја тема, почнував да раскажувам или на поединец или на цела група повеќе од тоа што воопшто некој сакаше да знае за таа тема.

Подоцна сфатив дека тоа донекаде го правев од причина што сакав да им вратам на оние што ми се смееја во петто одделение. Ме нарекуваа незнајко и глупак, но одново и одново им докажував дека не се во право. Иако се уверија дека погрешиле, јас продолжував. Тоа беше незрело од моја страна и беше грешка, но тоа е нешто што го правев.

Во периодот кога во училиште се учеше сложена алгебра, детето кое не го знаеше точниот одговор сè испревртe. Имавме писмена на средината на полугодието, и наставничката ни даде и две дополнителни задачи. Кога ни ги врати писмените, видов дека еден од најдобрите ученици имаше 91 поени. По еден час отидов до него и го прашав: „Колку поени освои?"

„Освоив 91 поен!"

Очекував дека веднаш ќе ме праша колку сум освоил, ама бидејќи не го стори тоа, сам си кажав: „Освоив 110 поени, сè точно решив, како и двете дополнителни задачи!"

„Навистина? Дури и оние две дополнителни задачи!“, рече и полека почна да заминува. „Па, можеби ќе го направиш подобро следниот пат“, му реков.

„Аха...“, ми одговори не вртејќи се.

„Ако ти треба помош, само кажи!“

Не покажа со ништо дека ме слушна.

* * *

До единаесеттото одделение бев толку занесен со „постигнување“ само заради постигнувањето, па најверојатно на другите им било навистина многу тешко да бидат блиску до мене. Тогаш на тестот по хемија освоив само 99 поени, што во основа беше петка, но двајца ученици освоија по 100 поени.

Никој ништо не ми рече, но бев сигурен дека тие двајца блескаа од радост. Тие беа подобри од мене на тестот, а тоа не се имаше случено во последните четири години.

Некако самиот се убедив дека морам да бидам најдобар и најпаметен ученик во целото средно училиште. Кога некој ќе направеше нешто подобро од мене, а беше неизбежно и тоа да се случи понекогаш, си помислував дека сепак не сум најдобар. Ако не сум најдобар, според моето сфаќање, тоа беше неуспех.

*Навистина сум направил грешка на тестот*, постојано си говорев: *Ако учев малку повеќе, или барем да размислував малку повеќе пред да одговорам, ќе освоев 100 поени.* Во текот на преостанатиот дел од денот се чувствував како голем губитник. Добро се сеќавам на петто одделение и како некои деца се однесуваа спрема мене.

„Веќе никогаш нема да погрешам“, си ветив себеси, сè уште не сфаќајќи дека тоа премногу влијаеше на моето однесување.

Тогаш се случи нешто што беше повеќе од преокупирање на моето внимание: Всушност, тоа придонесе да се видам себеси во светло како што ме гледаат другите.

Во единаесеттиот клас (на 16-17 години), сите од одделението бевме во посета на Историскиот музеј во Детроит. Додека ги разгледувавме сликите од Детроит од 1890 година, стоејќи пред Ентони Флауерс, си прошепотев: „Колку би било прекрасно да живееш во тоа време и да знаеш колку што знам сега, бидејќи тогаш би бил најпаметен од сите!"

„Но ти си најпаметен од сите, зошто тогаш посакуваш да бидеш нешто такво?", ме праша.

„Па, би било забавно", си реков, но се прашав: - *Зошто посакувам да го направам тоа? Зошто морам да докажам дека сум попаметен од другите*?

Едноставното прашање што ми го упати мојот другар ме принуди добро да размислам за Бенџамин Карсон. Беше тоа момент на јасно откровение кога сфатив колку им било јасно на другите дека неограничено сакам да бидам најпаметен меѓу нив. Тие не ги ценеа постојаните информации што им ги давав. Не изгледаше дека некој од нив воопшто ме сака, всушност, напротив, некои од нив и помалку ме сакаа.

Тогаш друга мисла ме погоди: *Можеби не треба да биде така. Што ако треба да бидам сигурен во она што го работам и на сите да им нагласувам дека морам да бидам најдобар? Ако сето тоа го знам, и го употребам, зар тоа не е она што е важно? Кој вели дека треба да ги тормозам сите со податоците што ги знам?*

Од тогаш направив промена бидејќи ја сфатив својата потреба да бидам поинаков.

Кога ќе погледнам station наназад, вршејќи анализа во какво интелектуално чудовиште се бев претворил, сфатив де-

ка така сум се развил бидејќи бев под притисок. Мајка ми постојано ме потсетуваше говорејќи ми секојдневно: „Треба да бидеш најдобар!“ Таа мисла толку беше врежана во мене. Но сепак, нејзината намера не беше да станам фалбаџија или да се чувствувам попаметен, ниту да сметам дека треба да се расфрлам со знаење, ниту да го изнесувам *ad nauseam (додека не здодее).*

Ми беше потребно многу време да ја совладам потребата да станам подобар од другите. Најпосле сфатив дека мајка ми се обидувала да ме научи дека треба да го дадам најдоброто што можам од себе, своето најдобро, и дека таквиот начин на живот и работа е единствено што го сакала или што го очекувала од мене. Такви искази и поуки неколкупати ми кажа, но сепак ми требаше многу време за да го сфатам тоа.

Впечатливиот пресврт на настаните, кој ми помогна сево ова да го увидам, го доживеав додека бев на Универзитетот „Јејл“ (Yale). Дотогаш искрено верував дека сум најпаметен од сите. Тогаш запознав и други студенти (некои припаѓаа во групата генијалци), кои беа на првите позиции во средните училишта што ги посетуваа, кои имаа посестрано знаење од моето и кои знаеја студиозно да учат. Почувствував дека сум под нивните можности.

Опкружен со толку талентирани студенти, бев принуден повторно да размислам за сопствените способности. Неколку седмици ми се навраќаа сеќавањата од петтото одделение. Интензивно се молев и го испитував своето срце. Ова размислување за изминатите настани ме увери дека сум паметен, но дека не сум најпаметен во однос на другите. Немаше причина да сметам дека сум попаметен од другите. Ако сакам да постигнам одредена цел, ќе морам да работам како што и сите други мораат да работат. Не бев роден како гениј.

Можеби ова е најдобрата лекција што ја научив на првиот семестар на Универзитетот „Јејл“ бидејќи ако учев во некој друга школа во која помалку бараат знаење и труд, и продолжев да чекорам кон врвот, никогаш немаше да ги достигнам идните цели во животот.

* * *

Еден друг фактор одигра значајна улога во мојот развој. Отсекогаш имав тежок карактер; го напаѓав секој што ќе ми се спротивставеше. Едно попладне, кога имав четиринаесет години, се расправав со пријателот Боб. Вадејќи камперски нож, го вперив кон мојот пријател. Челичната острица му ја погоди металната тока од ременот и се скрши.

Сфаќајќи што можев да му направам на својот пријател, отрчав до дома, се заклучив во бањата и седнав на работ од кадата. Срцето ми се исполни со силно каење и срам поради тоа што го сторив. Му се молев на Бога да ми го промени карактерот.

Во еден момент излегов од бањата само за да ја земам Библијата, ја отворив и почнав да ги читам Соломоновите поговорки. Стихот кој најмногу ме допре беше: „Долготрпеливиот е подобар од храбриот, и кој владее со себеси, подобар е и од завојувачот на градови“ (Мудри изреки Соломонови 16,32).

Во текот на двата или трите часа што ги поминав во бањата, Бог направи чудо во мојот живот - ми го смени карактерот, и искрено можам да кажам дека оттогаш веќе немав никакви проблеми со чувството на гнев.

Се сеќавам на овој настан, бидејќи тоа беше почетокот на мојот животен обичај или навика - дневно читање на Мудрите изреки на Соломон. Од тој ден редовно ги читав овие мудри Соломонови поговорки. Долго време не

обрнував внимание на стиховите за гордоста, но тие стихови, покрај постојаното опоменување од страна на мајка ми, повремено ми се појавуваа сами.

Зборовите од книгата Мудри изреки Соломонови конечно допреа до мене и ме принудија повторно да размислувам за животот. Посебно се сеќавам на текстот од Мудри изреки 29,23: „Гордоста човекот го понижува, а смирениот по дух ќе се здобие со чест“.

Колку повеќе ги читав овие поговорки, толку повеќе сфаќав дека Бог не ги прифаќа гневноста и гордоста. Колку повеќе читав за гордоста, толку повеќе увидував дека Бог нема да биде задоволен со мојот начин на живот и размислување ако продолжам да бидам груб. „Стравот Господов ја мрази неправдата, ја мрази гордоста и високомерноста, лошиот пат и подмолната уста“ (Мудри изреки Соломонови 8,13)

Ослободувањето од горделивоста не се случи преку ноќ, но почна од тој ден. Оттогаш па натаму, кога и да добивав прекори од некого дека сум горделив, чувствував болка во стомакот како остри бодежи.

Дури и сега, победувањето на гордоста е борба. Кога и да направи некоја личност нешто добро, а другите тоа ќе го препознаат, тоа ќе биде борба. За мене тоа е уште потешко бидејќи семејството на болниот постојано упатува љубезни зборови од типот: „О вие сте фантастични! Вие сте прекрасни!“ Кога успешно ќе изведеме операција, го слушаме истото: „Прекрасни сте, колку сте талентирани!“ Знам дека таквите луѓе имаат добри намери, но исто така знам дека не можам да изведам операција без помош на бројните раце на исто толку талентирани луѓе кои ме поддржуваат. Уште повеќе од тоа, свесен сум дека, кога Бог не би ми овозможил да бидам неврохирург, не би постигнал ништо.

Како и кај повеќето луѓе, и мене ми е непријатно кога ме фалат. Непријатно ми е да бидам предмет на комплименти. Постигнав успех, и од мене се очекува да направам уште повеќе, но се потсетувам дека не би постигнал ништо без помошта од извонредниот персонал и колегите со врвно знаење, кои ми помагаа околу поставувањето дијагнози и планирањето на операциите. Морав да имам извонредни луѓе кои се подготвени по секоја операција да се грижат сериозно за болните луѓе. Сите тие заслужуваат голема благодарност, а особена благодарност заслужува Господ, кој ги создава околностите, а нам ни дава способност да ја извршуваме нашата работа.

Размислував за изминатите неколку години поминати во болницата „Џон Хопкинс", во која бев главен хирург, член на тимот кој изведуваше многу тешки операции. Во текот на 1987 година, заедно со уште 69 други луѓе од тимот, успеав за прв пат во историјата на медицината успешно да го изведам раздвојувањето на сијамски близнаци кои имаа споени глави. Двете момчиња преживеаја. Сеќавајќи се на следните седумдесет, лесно ми е да се сетам, кога луѓето почнаа да упатуваат пофалби, дека не сум само јас тој кој заслужува пофалби. Во текот на годините сфатив дека Бог не ми даде само дарба да бидам хирург, туку и да ја почувствувам болката на моите пациенти. Ова секако не ми дава право да се фалам, туку само да ги користам талентите што ги имам.

Кога го знам сево ова, останувам благодарен.

* * *

Додека растев, мајка ми толкупати стоеше покрај мене и ми говореше: „Бени, ти можеш да постигнеш сè што ќе посакаш, само побарај помош од Бога. Бог ќе ти помогне само ако дадеш сè од себе".

Кога ми раскажуваше за богатите и големите луѓе кои многу постигнале, ќе ми речеше: „Бени, ти можеш да направиш сè што направиле и тие, само што ти можеш и подобро!“

Сите лекции што ми ги даде мајка ми би можел да ги спојам во ова животно начело: „Секогаш давај сè од себе!“

Размислувајќи за тоа едноставно начело дека секогаш треба да се дава најдоброто, сфатив дека тоа е една од тајните како јас од речиси неписмено, црно момче од градското предградие стигнав до истакнато место. Над сè, сакам да нагласам дека не стигнав таму сам.

Во следните поглавја сакам да ви раскажам не само за тоа како лично сакав да дадам сè од себе, да мислам на нешто големо, туку и за другите кои, давајќи сè од себе, го променија својот живот.

## ТАЛЕНТИ

Кога ќе ги препознаеме своите таленти, треба да ги користиме правилно и да ја одбереме областа во која тие таленти ќе се употребат и ќе ни помогнат високо да се издигнеме во она што го правиме.

## ЧЕСНОСТ

Ако живееме на таков начин што чесно ќе се однесуваме кон личните проблеми, можеме далеку да стигнеме на патот кон успехот.

## УВИДУВАЊЕ

Ако набљудуваме, размислуваме и се посветуваме во давање на самите себеси, ќе стигнеме на врвот.

## ДОБРИНА

Ако сме добри спрема другите, тие ќе ни одговорат на ист начин. Затоа, можеме да дадеме сѐ од себе за го правиме најдоброто едни за други.

## ЗНАЕЊЕ

Ако сите направиме сѐ што можеме за да го зголемиме своето знаење, со цел да го употребиме за доброто на луѓето, тоа ќе нѐ промени и нас и нашиот свет на подобро.

## КНИГИ

Ако се посветиме на читање книги и на тој начин го зголемуваме своето знаење, само Бог може да одреди колку далеку можеме да стигнеме во овој свет.

## ТЕМЕЛНО УЧЕЊЕ

Ако развиваме навика за темелно учење, тоа ќе нѐ оспособи да го даваме најдоброто од себеси на другите и да го направиме овој свет подобар.

## БОГ

Кога ќе препознаеме колку ни е потребен Бог,
Тој ќе ни помогне.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.111(73)-94
929Карсон, Б(093.3)
159.947.3/.5:27

КАРСОН, Бен
Размислувај за големи нешта : ослободување на твојот потенцијал за извонредност / Бен Карсон и Сесил Марфи ; [превод Билјана Ампевска-Христовска]. - Скопје : Знаци на времето, 2017. - 272 стр. ; 20 см

Превод на делото: Think big : unleashing your potential for excellence / Ben Carson with Cecil Murphey

ISBN 978-9989-659-91-1
1. Марфи, Сесил [автор]. - I. Carson, Ben види Карсон, Бен. - II. Murphey, Cecil види Марфи, Сесил
а) Карсон, Бен (1951-) - Сеќавања б) Самореализација во književnosta
- Христијански аспекти
COBISS.MK-ID 102578698